ТТК БАНКА

ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2
Бр. 02-2806/8
08-04-2020

Врз основа на член 40 став 1 алинеа 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 8.4.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-4608/2 од 3.6.2019 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во членот 8 став 1, по алинејата 17 се додава нова алинеја 18 „застапување во осигурувањето”.

Алинеите 18, 19, 20 и 21 стануваат алинеи 19, 20, 21 и 22.

2. Во членот 21, став 2 се брише.

3. Во членот 40 став 2, во заградата покрај зборот „комисии“ се додаваат зборовите: „и одбори”.

4. Членот 48 став 1 се менува и гласи: “Надзорниот одбор го сочинуваат 7 (седум) члена, избрани во постапка и услови согласно закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.”

5. Во членот 61 се менува точка 1 и истата гласи: „Одборот за ревизија се состои од 5 (пет) членови“.

6. Во членот 61 се менува точка 3 и истата гласи: „Мнозинството членови во Одборот за ревизија се избира од редот на членовите на Надзорниот одбор, а останатите членови се независни членови.“

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа Одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на Банката и по издавањето согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**
**Претседавач**
**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 2